**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот**
**одржана на 15.12.2010 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефаноски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, проф. д-р Томе Груевски, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов и Столе Наумов.

**Отсутни:** акад. Али Алиу (најавено отсуство)

**Други присутни:** Томаж Симонич, консултант во рамките на ИПА проект на Европската Унија.

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Арбен Саити, Слободан Беличански, Борче Маневски, Магдалена Давидовска – Довлева, Горан Радуновиќ, Милаим Абдураими и Ружица Бошнакоска -Јотевска.

Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски ја отвори 25-та седница на Советот за радиодифузија. На почетокот на седницата предложи да се додаде уште една точка односно, под точка 18 да се додаде точката "Предлог-Одлука за формирање Пописна комисија за извршување попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Светот за радиодифузија на РМ за 2010 година".

Предлогот беше прифатен и за седницата едногласно беше усвоен и утврден следниот:

## **Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 22-та седница на Советот за радиодифу зија на РМ, одржана на 12 ноември 2010 година.
2. Усвојување на Записникот од 23-та седница на Советот за радиодифу зија на РМ, одржана на 26 ноември 2010 година.
3. Предлог-Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година.
4. Извештај за мерките што ќе ги преземе Советот за радиодифузија на РМ за надминување на забелешките од Извештајот на Европската Унија.
5. Информација во врска со известувањето за откажување од дозволата за вршење радиодифузна дејност на Друштвото за сателитска радио дифузија Ера Сат ДООЕЛ Скопје (бр.07-409 од 24.11.2010 година).
6. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ А1 реализиран на 15 ноември 2010 година.
7. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Сител реализиран на 15 ноември 2010 година.
8. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Канал 5 реализиран на 15 ноември 2010 година.
9. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Телма реализиран на 15 ноември 2010 година.
10. Извештај од мониторингот на ТРД ТВ Алсат М реализиран на 15 ноември 2010 година.

11. Извештај од учеството на конференцијата за воведување дигитална телевизија во Украина.

12. Предлог-Одлука за објавување конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија преку јавни комуникациски мрежи), на локално ниво.

13. Информација за барањето на РТД Јовески Петко Димитар радио МЕФФ ДООЕЛ Прилеп за согласност за промена на сопственичката структура.

14. Барање за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување од Хари Митриќески – Клекачкоски.

15. Барање за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување од Атила Мемед.

16. Барање за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување од Ивона Муфишева – Алексовска.

17. Предлог од Синдикалната организација на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ за исплата на регрес за годишен одмор за 2010 година и други примања по основ на работен однос.

18. Предлог-Одлука за формирање Пописна комисија за извршување попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Светот за радиодифузија на РМ за 2010 година.

19. Разно.

**Точка 1**

Записникот од 22-та седница на Советот за радиодифузија на РМ одржана на 12.11.2010, беше усвоен во целост како што беше предложен.

**Точка 2**

Записникот од 23-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 26.11.2010 година, беше усвоен во целост како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот ја разгледа Предлог-Програмата за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година. Заменикот на Претседателот, м-р Милаим Фетаи покажа интерес кон Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, во делот на Евро-интеграциите кои се составен дел од Програмата за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011-та година (глава 14). Интересот беше прифатен од сите членови на Советот. Исто така предложи Програмата за работа да се дополни, односно да се додадат и нови вработувања, конкретно во Секретаријатот на СРД, на што Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски ја прифати забелешката, но со напомена, дали ќе има нови вработувања и колкав ќе биде нивниот бројот ќе биде во зависност од реалните потреби на Секторите во СРД, и од финансиската состојба.

Советот одлучи во точката 10 од предложената Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година, да се додаде уште една алинеа која ќе гласи – утврдување на потребите, изработка и имплементација на план за развој на човечките професионални капацитети на Советот за радиодифузија.

Советот едогласно одлучи останатите точки од предложената Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2011 година да се усвојат онака како што и беа предложени.

**Точка 4**

Советот го разгледа Извештајот за мерките што ќе ги преземе Советот за радиодифузија на РМ за надминување на забелешките од Извештајот на Европската Унија. Раководителот на Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, Борче Маневски даде краток увод, во кој објасни дека во Извештајот на ЕУ за напредокот на земјата во однос на работењето на Советот за радиодифузија забелешките се сведуваат на три области: ефективно следење на пазарот на електронски медиуми, регулација на кабелските оператори и процесот на издавање дозволи е под силно влијание на економски и политички интереси. СРД многу внимателно ги разгледал забелешките и во насока на нивно подобрување во текот на 2011 година ќе преземе одредени активности. За првпат работењето на СРД е споменато во делот за основните права со забелешката за влијание од економски и политички интереси врз процесот на доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност.

Сите членови на Советот активно се вклучија во дискусијата. Членот на Советот Столе Наумов предложи да се провери како во другите земји членки на ЕУ, законски е регулиран преводот на странските канали, односно како тие го заштитуваат својот јазик. При издавање на дозволи предложи да се додаде дека пред да се доделуваат дозволите ќе се извршат потребните истражувања и да се изврши анкетирање на радиодифузерите.

И Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски и Заменикот на Претседателот м-р Милаим Фетаи се сложија дека законски е многу тешко да се констатира медиумската концентрација во РМ. М-р Милаим Фетаи предложи да се иницираат одредени законски измени во таа насока. Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов предложи да се додаде во Извештајот дека Советот ќе доделува дозволи врз основа на предходни истражувања. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ потенцира дека како и досега така и во иднина, Советот не смее да се доведе во ситуација да биде инволвиран во дневно-политичките случувања, и да делува секогаш во согласност со Законот.

Членот на Советот, м-р Борис Арсов, го поздравува Извештајот и посочи дека Советот мора да ги преземе конкретните активности за  да се отстранат наведените забелешки, согласно Законот.

Членот на Советот, проф. д-р Томе Груевски рече дека целосно го прифаќа Извештајот, и предложи во иднина да се даде поголем акцент на Секторот за истражување и долгорочен развој, не потценувајќи ги останатите Сектори во СРД, бидејќи дава релевантни податоци и бројки и со помош на истражување и анализа Советот секогаш е спремен да даде одговор на многу поставени прашања.

Советот го усвои Извештајот на Советот за радиодифузија за мерките и активностите што ќе ги преземе како одговор на забелешките од Извештајот на Европската Унија за напредокот на земјата 2010 година, со следните забелешки кои се додадоа во Глава Б, точка 3 од Извештајот:

- Во првата алинеа после зборовите: Со цел да се истражат потребите на публиката СРД ќе спроведе истражување на публиката за радио и телевизиските програмски аспекти, да се додадат зборовите *„и ќе доделува дозволи по извршени вакви истражувања“*
- Во втората алинеа после зборовите: Доделувањето на дозволи ќе се врши врз основа на предходни истражувања на потребите на публиката и капацитетот на пазарот, да се додадат зборовите *„и анкетирање на радиодифузерите“*
- Во Глава Б, точка 3, да се додаде нова алинеа која гласи *„СРД ќе иницира промени во Законот за радиодифузната дејност заради допрецизирање на одредбите за спречување недозволена медиумска концентрација“*

Забелешките ќе бидат составен дел на Извештајот на Советот за радиодифузија за мерките и активностите што ќе ги преземе како одговор на забелешките од Извештајот на Европската Унија за напредокот на земјата 2010 година.

**Точка 5**

Советот ја разгледа Информацијата во врска со известувањето за откажување од дозволата за вршење радиодифузна дејност на Друштвото за сателитска радио дифузија Ера Сат ДООЕЛ Скопје (бр.07-409 од 24.11.2010 година). Друштвото за сателитска радио дифузија „ЕРА САТ" ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола (бр.07-3465/1 од 26.11.2008) за вршење радиодифузна дејност - сателитско емитување на телевизиски програмски сервис од претежно забавен општ формат на албаски јазик, со опфат на гледаност на целото подрачје на Република Македонија. На 24-ти ноември 2010 година до Советот за радиодифузија на РМ доставил Известување, бр.07-409, со кое меѓу другото го известува Советот дека се откажува од дозволата за вршење радиодифузна дејност, дека во 2010-та година не ги остварувал правата кои произлегуваат од дозволата и дека наведениот субјект ќе престане да функционира како сателитски радиодифузер.

Советот донесе решение за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност на Друштвото за сателитска радио дифузија „Ера Сат" ДООЕЛ Скопје, бр.07-3465/1 од 26.11.2008, со кое ќе го задолжи радиодифузерот да го плати доспеаниот годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност во износ од 1.902.441,00 денари.

**Точка 6, 7, 8, 9 и 10**

Советот ги разгледа Извештаите од мониторингот на програмските сервиси на ТРД ТВ А1, ТРД ТВ Сител, ТРД ТВ Канал 5, ТРД ТВ Телма и ТРД ТВ Алсат М, реализирани на 15.11.2010 година и констатира голем број прекршувања. Со оглед на тоа што најголемиот број на следни можни мерки се забрана за рекламирање и телешопинг од еден до седум дена, Советот одлучи да го одложи изрекувањето на мерките.

Претседателот на Советот, Зоран Стефаноски ја објасни состојбата со констатираните прекршувања на овие медиуми и следните можни мерки кои би ги изрекол Советот. Во дискусијата сите присутни членови на Советотземаа учество. Советот го задолжи Секторот за правни работи наместо времена забрана за рекламирање и телешопинг од еден до седум дена, согласно Законот за радиодифузната дејност (чл. 38, став 1, алинеа 3) и Правилникот за изрекување и извршување на мерките кон радиодифузерите поради непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, законските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност да ја испита можноста за покренување прекршочна постапка кај надлежните судови. Во таа насока Советот го задолжи Секторот за програмски работи да реализира уште еден еднодневен мониторинг на програмските сервиси кои беа мониторирани и на останатите телевизиски програмски сервиси на државно ниво, независно од техничките средства за пренос на сервисот, за да би се добила попрецизна слика, кој од прекршувањата се инцидентни, а кои се константни.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, предложи Секторот за програмски работи да подготви и организира обуки, за радиодифузерите, на кои подетално ќе им се објаснат одредбите од Законот за радиодифузната дејност, со цел во иднина да се избегнат честите прекршувања. Советот едногласно го подржа предлогот.

**Точка 11**

Советот го разгледа и усвои Извештајот од учеството на конференцијата за воведување дигитална телевизија во Украина, подготвен од Раководителот на Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, Борче Маневски. Конференцијата се одржала на 29 ноември 2010 година во Киев. Работната сесија била поделена на три области од процесот на воведување на DTT: технички, регулаторни и економски аспекти. Борче Маневски, како претставник од Советот, имаше своја презентација на која беше истакнат македонскиот пристап кон дигитализацијата на сите платформи (DTT, IPTV, DVB-C и DVB-S) со цел да се обезбеди пристап на радиодифузерите до дигиталната дистрибуција на нивните програмски сервиси на платформата, која што е најсоодветна за нив.

**Точка 12**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за објавување конкурс за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија преку јавни комуникациски мрежи), на локално ниво, и одлучи оваа точка да се одложи и да биде ставена на Дневен ред за една од наредните седници.

**Точка 13**

Советот ја разгледа Информацијата за барањето на РТД Јовески Петко Димитар радио МЕФФ ДООЕЛ Прилеп за согласност за промена на сопственичката структура. Имено, согласно член 17 од Законот за радиодифузната дејност (Сл.весник на РМ бр.100/2005 година), на 29.11.2010 година од страна на РТД Јовески Петко Димитар радио МЕФФ ДООЕЛ Прилеп, до Советот за радиодифузија доставено е барање бр.03-417 за согласност за промена на сопственичка структура. При обработка на Барањето, Секторот за истражување и развој констатираше дека тоа е неуредно и некомплетно, во однос на изјавата на физичкото лице коешто пристапува како сопственик. На 01 декември 2010 година со допис бр. 03/417 Советот побара од радиодифузерот да го доуреди Барањето. На 07 декември 2010 година, до Советот беше доставена уредна изјава од страна на физичкото лице Билјана Јовеска.

Со оглед на тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, односно не постојат формално-правни пречки, Советот донесе Заклучок на РТД Јовески Димитар радио МЕФФ ДООЕЛ - Прилеп да му се издаде Одлука со која ќе се издаде одобрение за бараната/предметната промена на сопственичката структура.

**Точка 14**

Советот го разгледа Барањето за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување од Хари Митриќески – Клекачкоски. Вработениот Хари Митрикески Клекачкоски, Администратор на системот/одговорно лице за видео надзор, одговорно лице за обезбедување, возач во Секретаријатот на Советот за радиодифузија РМ, на 7-ми декември 2010-та година, до Советот доставил барање бр.04-3612/1, за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување, односно средства во износ од 4.000,00 евра за упис на втора и трета година на Факултетот за општествени науки, насока Европско право и право на Европска унија.

Советот донесе одлука да го одбие Барањето на Хари Митриќески – Клекачкоски, затоа што е спротивно на одредбите од Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр. 01-3212/1 од 17.09.2009 година.

**Точка 15**

Советот го разгледа Барањето за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување од Атила Мемед. Вработениот Атила Мемед, Референт за благајна и магацин, доставувач во Секторот за економско-финансиски работи на Советот за радиодифузија РМ, на 7-ми декември 2010-та година, до Советот доставил барање бр.04-3616/1, за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување, односно средства во износ од 2.250,00 евра за упис на втор семестар од прва година, како и за упис на втора и трета година на Факултетот за јавна администрација и политички науки, општ смер – Јавна администрација на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје.

Советот донесе одлука да го одбие Барањето на Атила Мемед затоа што е спротивно на одредбите од Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, бр. 01-3212/1 од 17.09.2009 година.

**Точка 16**

Советот го разгледа Барањето за одобрување средства за стручно усовршување и дообразување од Ивона Муфишева – Алексовска. Вработената Ивона Муфишева – Алексовска, Соработник во Секторот за правни работи, поднесе Барањето за одобрување средства за упис на втор семестар на последипломските студии на Правниот факултет – Јустинијан Први, Скопје, насока - Административно право и јавна администрација, во вкупен износ од 600,00 евра во денарска противвредност, бр.04-3615/1 од 07.12.2010 година,

Советот го прифати Барањето и донесе одлука да одобри средства во износ од 600,00 евра во денарска противвредност, за последипломски студии на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, насока: Административно право и јавна администрација.

**Точка 17**

Советот го разгледа Предлогот од Синдикалната организација на Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ за исплата на регрес за годишен одмор за 2010 година и други примања по основ на работен однос, и одлучи оваа точка да се одложи, со цел да се пронајде законска основа за позитивен одговор на Барањето.

**Точка 18**

Советот донесе Одлука за формирање Пописна комисија за извршување попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Светот за радиодифузија на РМ за 2010 година.

Советот одлучи составот на Пописната комисија да биде: Ружица Бошнакоска-Јотевска, претседател, Владимир Ѓорѓиоски, член и Арѓент Џелили, член.

Комисијата со пописот треба да ја утврди состојбата заклучно со 31 декември 2010 година, да состави пописни листи и да изготви Извештај за извршениот попис на начин и во роковите утврдени со Правилникот.

**Точка 19**
**Разно**

Членот на Советот м-р Борис Арсов, предложи Секторот за програмски работи да направи еднодневен мониторинг на ТВ Пинк 15 - и Извештајот од мониторингот да се разгледува на една од наредните седници. Заменикот на Претседателот м-р Милаим Фетаи дополни, во мониторингот да бидат опфатени и телевизиите кои се емитуваат преку сателит, а членот на Советот, Бранко Радовановиќ предложи сите национални телевизии да бидат опфатени во еднодневниот мониторинг.

**Бр. 02-76/1**
**13.01.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**